УНИВЕРЗИТЕТ СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ
ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА
СКОПЈЕ

# СПОРТ И ПРАВО

ИВАН АНАСТАСОВСКИ ЛАЗАР НАНЕВ

# До авторите на книгата „Спорт и право„

Вон. проф д-р Иван Анастасовски
Доц. д-р Лазар Нанев

Книгата „Спорт и право“ претставува оргинално и исклучително значајно дело со кое се збогатува научната и стручна мисла во Република Македонија. Се работи за комплексно дело, единствено од ваков вид кај нас во кое се содржани основните податоци за историјата на спортот како значајна општествена дејност, за неговата организација, но и правната регулатива. Посебно значење на делото му дава неговиот интердисциплинарен приод и анализа која подробно се занимава со социолошките аспекти на спортот од кои посебно внимание заслужува акцентирањето на социјалната кохезија, социјалната интеграција и социјална инклузија на спортот. Голема е привилегијата што ја има читателот да го разбере моралното резонирање на спортот, спортската филозофија, идеали и реалност.

Особено значење оваа книга има поради синтетичкиот приод како спој на авторска ерудиција и стручна експликативност. Книгата остава впечаток на дело кое го задржува вниманието на читателот поради приодот на авторите кој се карактеризира со информатичност, систематичност и аналитичност.

Оваа книга дава преглед не само на состојбите и проблемите со споротот и правото, туку има и едукативно дејство за големиот број спортисти и спортски работници, и ќе му биде од корист на многу спортски организации и сојузи.

Поаѓајќи од историските почетоци, преку современиот олимпизам, авторите многу рационално се обиделе и, недвојбено успеале, илустративно да ја прикажат состојбата и проблемите што постојат и се однесуваат на правната регулатива – поаѓајќи од Олимписката повелба, преку домашната законска и подзаконска регулатива, сѐ до прописите од споредбено право кое дава јасна слика за состојбата на оваа материја во компаративна смисла.

Треба посебно да се нагласи дека авторите во оваа книга го одбрале наједноставниот описен начин на зададените теми, поаѓајќи од општествените и правните аспекти на спортот, неговите општествени вредности, правото во ЕУ и во нашата земја, завршувајќи со менаџментот и спонзортсвото како еден од основите за воспоставување на модерен правен спортски ситем во нашата земја, како и многу други важни прашања.

Освен таргетирањето на проблемите во домашното законодавство, авторите исклучително внимание посветиле на законодавството на Европската унија од областа на младите и спортот и потребата за негово усвојување во законодавството на Република Македонија.

# До авторите на книгата „Спорт и право„

Вон. проф д-р Иван Анастасовски
Доц. д-р Лазар Нанев

Книгата „Спорт и право“ претставува оргинално и исклучително значајно дело со кое се збогатува научната и стручна мисла во Република Македонија. Се работи за комплексно дело, единствено од ваков вид кај нас во кое се содржани основните податоци за историјата на спортот како значајна општествена дејност, за неговата организација, но и правната регулатива. Посебно значење на делото му дава неговиот интердисциплинарен приод и анализа која подробно се занимава со социолошките аспекти на спортот од кои посебно внимание заслужува акцентирањето на социјалната кохезија, социјалната интеграција и социјална инклузија на спортот. Голема е привилегијата што ја има читателот да го разбере моралното резонирање на спортот, спортската филозофија, идеали и реалност.

Особено значење оваа книга има поради синтетичкиот приод како спој на авторска ерудиција и стручна експликативност. Книгата остава впечаток на дело кое го задржува вниманието на читателот поради приодот на авторите кој се карактеризира со информатичност, систематичност и аналитичност.

Оваа книга дава преглед не само на состојбите и проблемите со спорототи правото, туку има и едукативно дејство за големиот број спортисти и спортски работници, и ќе му биде од корист на многу спортски организации и сојузи.

Поаѓајќи од историските почетоци, преку современиот олимпизам, авторите многу рационално се обиделе и, недвојбено успеале, илустративно да ја прикажат состојбата и проблемите што постојат и се однесуваат на правната регулатива – поаѓајќи од Олимписката повелба, преку домашната законска и подзаконска регулатива, сѐ до прописите од споредбено право кое дава јасна слика за состојбата на оваа материја во компаративна смисла.

Треба посебно да се нагласи дека авторите во оваа книга го одбрале наједноставниот описен начин на зададените теми, поаѓајќи од општествените и правните аспекти на спортот, неговите општествени вредности, правото во ЕУ и во нашата земја, завршувајќи со менаџментот и спонзортсвото како еден од основите за воспоставување на модерен правен спортски ситем во нашата земја, како и многу други важни прашања.

Освен таргетирањето на проблемите во домашното законодавство, авторите исклучително внимание посветиле на законодавството на Европската унија од областа на младите и спортот и потребата за негово усвојување во законодавството на Република Македонија.

Авторите со ова дело преземаат пионерските чекори со цел да се добие претстава за специфичните состојби во македонскиот правен систем. Особено е важен аспектот на напорот што авторите го вложиле да укажат на моделот што спортското законодавство треба да го има de lega ferenda преку јасни и аргументирани препораки за идните легислативни чекови.

Како рецензент чувствувам потреба да укажам на фактот дека книгата „Спорт и право" за првпат кај нас открива многу непознати и недоволно јасни аспекти и поставува многубројни прашања за кои треба да се бараат одговори во рамките на научно-истражувачките, аналитичките и развојните активности во оваа област.

Имплементирајќи го своето искуство како долгогодишни спортски работници и вљубеници во спортот, авторите во книгата разработуваат материја поврзана за менаџмент и спонзорство во спортот и на спортските манифестаци која е исклучително интересна, интригантна и важна за натамошно унапредување на спортот во Република Македонија. Поаѓајќи од фактот дека спортот стана една од водечките индустрии во светот и бизнис кој е прилично примамлив, авторите со многу сенс и внимание ги разработиле прашањата поврзани со комерцијализацијата и професионализацијата на спортот, концептот на управување во спортот, улогата на менаџментот во спортот и пласманот на капиталот.

Книгата е пишувана на јасен и разбирлив јазик, со стил кој лесно го води читателот низ нејзините содржини.

Поради сето наведено, убедена сум дека книгата ќе предизвика сериозно внимание за дополнителни размислувања и убедувања за спортското право не само кај спористите и спортските работници, туку и кај поширокata спортска јавност. Книгата е корисно четиво кое ги исполнува сите критериуми на наставно помагало за спортот и правото.

Познавајќи ја посветеноста на авторите на материјата поврзана со спортот во социолошка и правна смисла, искрено се надевам дека оваа книга претставува само почеток за нивен натамошен научен придонес на ова поле и ги поттикнувам да продолжат со проучувањата поврзани со спортот и правото.

Со почит,
Скопје 03.11.2011

Проф. д-р Гордана Лажетиќ - Бужаровска

# Рецензија на книгата „Спорт и право“

Вон. проф. д-р Иван Анастасовски
Доц. д-р Лазар Нанев

За прв пат на нашите простори се појавува публикација на македонски јазик која претставува симбиоза меѓу спортот од една и правото од друга страна. Авторите на експлицитен начин ги дефинираат општествените аспекти на спортот, неговата мултидисциплинарност, сегментарната дисперзираност и диференцијација, како и неговото значење и улога во животот на милиони луѓе низ целиот свет. Направен е обид за секој спортски сегмент да се наведат неговите карактеритики зависно од гледиштето и специфичните задачи кои се манифестни. Спортот е потенциран како значаен дел од општествените активности на една нација, кој влијае на образовниот ситем, економијата и начинот на живеење и опстојување на граѓаните. Тој е израз на едно општество, со сите негови форми и сите негови противречности што ги носи. Спортот е потсистем, посебна област, сегмент во секое општество, што значи дека му припаѓа на глобалниот поредок и на поширокаta општествена целина. Од целосниот опис на поедините спортови кои се сеопфатно презентирани може да се насети и процени неговото општествено значење.

Имајќи ги во предвид моменталните состојби во општеството, не само на нашите простори, туку и пошироко, авторите ја потенцираат улогата на спортот во разрешувањето на агресивните и деструктивни тенденции, кои станаа секојдневие во животите на милиони млади луѓе. Посебен акцент е ставен на прашањата на културниот конфликт и меѓуетничка толеранција, на пост-конфликтните општества кои до неодамна страдаа од граѓанските војни или вооружените конфликти. Како еден од главните генератори и прва алатка за разрешување на меѓуетничките конфликти и создавање услови за подобрување на социјаланата кохезија во едно општество и перспектива за мир и развој претставува спортот.

Во вториот дел од оваа публикација авторите прават посебен осврт врз правните аспекти во спортот кои се неоходни за неговото правно уредување, како и оправданоста за постоењето на спортското право.

Спортското право како најмлада гранка на правниот систем, детерминирано е од темелните начела и конкретните нормативни решенија што му припаѓаат на уставното, граѓанското, кривичното и управното право како и на други гранки од правото. Тоа претставува збир на правила за човековото однесување кое што поропишува и принудни санкции (во склад со правните акти пропишани со Уставот на РМ, меѓународните извори на спортското право и спортското законодавство кај нас и во ЕУ), доколку постои деструкција или девијантна појава при реализацијата на спортските активности.

Во посебен дел се опфатени спортот и правото во РМ, системската поставеност на спортските организации, нивниот статус, улога и начин на функционирање. Во оваа книга авторите го направиле можеби и најпионерскиот но и најхрабриот обид да го дефинираат и регулираат менаџирањето и спонзорството во спортот и на спортските манифестации. Поаѓајќи од општествената и научната оправданост и од улогата и значењето на менаџментот и спонзорството во спортот, тие нудат и соодветни концепти за управувањето и делувањето во него.

Како рецензент на оваа книга со право можам да истакнам дека станува збор за дело кое несомнено ќе ја збогати научната и стручна литература посветена на оваа проблематика. Исто така, книгата ќе им овозможи на студентите од факултетите кои ја третираат оваа проблематика, зголемување на нивниот фонд на знаења за правото и спортот. Спортистите, кои се директни учесници на спортските манифестации ќе имаат можност да ги согледаат причините и последиците од сопственото однесување, и однесувањето на сите други субјекти и институции.

На крај, целата научна, стручна и интелектуална јавност ќе има бенефит од публикувањето на оваа книга, бидејќи пред се ќе осознае нешто ново, ќе се запознае со детали за спецификите на поимите кои се обработуваат и секако ќе имаат една солидна база на податоци која ќе биде поттик за понатамошни истражувања. Оваа книга треба да ја сфатиме како почетен импулс кој ќе биде доволен двигател за самите автори, но и за секој оној кој се интересира за оваа проблематика, да продолжи да ја истражува и да твори и создава дела кои се од посебно општествено значење. Оваа книга теба да се сфати како порака од спортската наука и правото и авторите за превенција, во речиси сите сегменти на спортот како општествен феномен.

Со почит,
Скопје, 03.11.2011

Прод. д-р. Ленче Алексовска Величковска

# Содржина

Од авторите 10
**Глава прва**
**1.ОПШТЕСТВЕНИ АСПЕКТИ НА СПОРТОТ 11**
1.1.Спорт – поим и дефиниции 11
*1.1.1.Рекреативен аматерски спорт 17*
*1.1.2.Врвен или професионален спорт 18*
*1.1.3.Младински или воспитен спорт 20*
*1.1.4.Квалитетен спорт 21*
*1.1.5.Забавен или рекреативен спорт 21*
1.2.Некои видиви на спортски дициплини
(некои популарни спортотви) 28
*1.2.1.Фудабал 28*
*1.2.2.Кошарка 31*
*1.2.3.Ракомет 35*
*1.2.4.Одбојка 37*
1.3.Општествени основи на спортот 42
1.4.Општествено значење на спортот 44
*1.4.1.Социјална кохезија, социјална интеграција*
*и социјална инклузија и спортот 54*
*1.4.2.Општествена вредност на спортот*
*во пост-конфликтните општества на Балканот 56*
*1.4.3.Институционални стратегии за градење*
*општество преку спорт 57*
1.5.Општествени сфери и воспитни аспекти на спортот 58
1.6.Општествена положба на поединцот и спорт 60
1.7.Спорт и политика како друга
перспектива за мир и развој 65
1.8.Критерии за морално резонирање во спортот 67
1.9.Спортска филозофија, идеали и реалноста 69
**Глава втора**
**2.ПРАВНИТЕ АСПЕКТИ НА СПОРТОТ 71**
2.1.Потреба за правно уредување на спортот 71
*2.1.1.Дефинирање на спортското право 73*
*2.1.2.Причини за постоење на спортското право 76*
*2.1.3.Извори на спортското право 77*
*2.1.4.Домашни извори на спортското право 78*
*2.1.5.Споредни домашни извори 78*
*2.1.6.Меѓународни извори на спортско право 80*

2.2.Дефинирање на спортот и спортските стандарди 82
*2.2.1.Развој и значење на спортските стандарди 84*
*2.2.2.Односот на спортот и законите 85*
*2.2.3.Потреба од законска интервенција во спортот 86*
*2.2.4.Влијанието на спортот врз законските норми 88*
*2.2.5.Мешање на законите заради кривично правна заштита 89*
*2.2.6.Каков концепт на спортски закон ни е потребен 92*
*2.2.7.Модел на правно законско уредување на спортот 95*
*2.2.8.Спортско законодавство 96*
**Глава третта**
**3.СПОРТ И ПРАВО ВО ЕУ 99**
3.1.Спортот и правото во Европската унија 99
*3.1.1.Развој на Европската унија во врска со правните аспекти на спортот 99*
*3.1.2.Спортот и Судот на правдата на Европската унија 100*
3.2.Европски спортски форум 101
*3.2.1.Декларација за спорт 101*
*3.2.2.Институции на Европската унија кои се занимаваат со спорт 105*
*3.2.3.Судот на правда во Европска Унија 106*
3.3.Европска комисија 109
*3.3.1.Европски парламент 111*
*3.3.2.Европски совет 112*
*3.3.3.Член 165 од Договорот за функционирање на Европската унија 113*
*3.3.4.Иднината на ЕУ во спортската политика во однос на член 165 TFEU 114*
*3.3.5.Спорт во документи на ЕУ и*
*3.3.6.Европскиот суд на правдата 116*
**Глава четврта**
**4.СПОРТ И ПРАВО ВО МАКЕДОНИЈА 119**
4.1.Системска поставеност на спортските оргнизации 119
4.1.1.Поим на спортски организаци - Спортски клуб 119
4.2.Систем на утврдување на правниот статус на спортските организации 123
*4.2.1.Правен статус на спортските организации 131*

*4.2.2.Национални спортски федерации* *136*
*4.2.3.Спортско законодавство де lege ferenda* *139*
*4.2.4.Препораки за регулирање*
*на спортски де lege ferenda* *141*
**Глава петта**
**5.МЕНАЏМЕНТ И СПОНЗОРСТВО ВО СПОРТ**
**И НА СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ** **143**
5.1.Менаџмент во спорт – поим и дефиниции 143
*5.1.1.Обем на спортски менаџмент* *145*
*5.1.2.Еволуција на спортски менаџмент* *147*
5.2.Спортот како економски феномен
на современиот свет 148
*5.2.1.Економските односи помеѓу државата и спорт* *150*
*5.2.2.Концепт и дефиниција на управување во спортот* *151*
*5.2.3.Научна оправданост на менаџмент во спортот* *153*
*5.2.4.Улогата и значењето на менаџментот во спорт* *154*
5.3.Општествено-политички претпоставки
за развој на менаџмент во спорт 156
*5.3.1.Државен и правен систем* *157*
*5.3.2.Социјална политика* *159*
*5.3.3.Образовна политика* *160*
5.4.Спонзорство во спортот 163
5.5.Спорт и пласман на капиталот 166
5.6.Волонтерство во спорт 168
5.7.Комерцијализација и професионализација на спортот 171
5.8.Корупција во спортот 174
5.9.Масовен спорт во модерно општество 177
**Глава шестта**
**6.СПОРТСКИ МАНИФЕСТЦИИ** **179**
6.1.Спортски манифестации – поим и дефиниции 179
*6.1.1.Поделба и видови на спортски манифестации* *184*
*6.1.2.Социокултурните ефекти на*
*спортски манифестации* *192*
6.2.Ризици во спортот и на спортски манифестации 194
Литература 197
Регистар на поими и изрази 205

## Од авторите

Спортско право е една од поновите гранки на правниот систем како кај нас така и во светот. Таа се заснива на предметна систематика и како таква, има разнолични обележја. Таа опфаќа темелни начела и конкретни нормативни решенија кои до неодамна и припаѓале на сферата на уставното, граѓанското, кривичното, управното и другите класични гранки на правото. Обединување на наведените сегменти во засебна систематска целина пред се е мотивирано од практичните проблеми.

Спортот во современото општество стана високопрофитабилна деловна активност. Покрај тоа, се отвараат многу отворени прашања кои навлегуваат во доменот на уставно право, се појавува потреба за нови врсти на облигациони и деловни договри особено во спортот, со специфично регулирање на кривичната одговорност и сл. Покрај тоа спортските активности често се одвиваат надвор од државните граници, при што доаѓа до израз и нивната меѓународна димензија. Сето тоа влијаше да на национално, но во послено време и на меѓународно (наднационално) ниво, нагло се развиваат посебни правни акти од кои се оформи специфична правна пракса. Правна наука во овој момент заостанува од практичните потреби. Евидентно е дека недостасуваат сериозни анализи на многуте правни принципи, институти и конкретни нормативни решенија кои настанаа низ активностите на законодавните органи, судови и разни спортски организации. Тој проблем е од општ карактер. Тој е присатен во многу земји, вклучувајќи ги оние со најразвиениот правен систем. Оттаму, постои потреба да низ различни научни проекти и различни студии се поврзат малубројните специјалисти за спортско право од повеќе држави. Зедничата работа во овој сегмент би овозможила брз развој на научната, стручната и образовната дисциплина а во крајна линија и позитивно би влијаела на законодавство и правната пракса во оваа област, како нешто што доправа доаѓа во нашиот правен систем.

Скопје, Ноември, 2011